# Известување за концентрација со која Арамко Оврсис Компани Б.В. Холандија и БП Европа СЕ Германија ќе стекнат заедничка контрола над над ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з.о.о. Полска (предмет бр. 08-41/2022)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 11.02.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на Арамко Оврсис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V.), со седиште на Шевенингсевег 62-66 2517, КХ Хаг, Холандија, и БП Европа СЕ (BP Europa SE), со регистрирано седиште на Уберсеале 1, 20457 Хамбург, Германија, над ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о. (LOTOS – Air BP Polska sp. z o.o.), со регистрирано седиште на ул. Алеја Грунвалдзка 472Б, 80-309, Гданск, Полска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Арамко Оврсис Компани Б.В.** е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арамко.

Арамко Оврсис Компани Б.В. е друштво со деловни активности во Европа, Азија и Африка, нудејќи на своите поврзани лица во Сауди Арамко глобалната групација широк опсег на услуги, вклучувајќи услуги на финансиска поддршка, управување со синџир на снабдување, услуги на техничка поддршка и разновидни услуги на административна поддршка. Сауди Арамко е примарно ангажиран со проспекциски геолошки истражувања, истражување, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

Сауди Арамко нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

**БП Европа СЕ** е индиректно зависно друштво на БП п.л.ц. (BP p.l.c.) со седиште на Плоштад Сеинт Џеимс 1, Лондон SW1Y 4PD, Обединето Кралство (заедно со поврзаните друштва „**бп**“).

бп со седиште во Лондон, Обединетото Кралство, е интегрирана енергетска компанија со активности во Европа, Северна и Јужна Америка, Австралазија, Азија и Африка. БП п.л.ц. е владејачкото (матично) друштво на глобалната групација која се фокусира околу четири бизниси групи: производство и операции со јаглеводороди (нафта и гас); потрошувачи и производи – што ги зголемува понудите на бп за погодност и мобилност за потрошувачите; гас и енергија со низок јаглерод (вклучувајќи обновливи извори на енергија и интегриран гас); и иновации и инженерство за поттикнување на дигитална трансформација.

Дејноста на **ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о**. е продажба на млазно гориво JET-A1 и полнење на воздухоплови со ова млазно гориво на аеродромите лоцирани во Полска: аеродромот Лех Валенса во Гдањск; Аеродромот Фредерик Шопен во Варшава; Меѓународниот аеродром Катовице во Пирзовице; Аеродромот Лублин; Регионалниот аеродром Олстин-Мазури во Шимани и аеродромот Познан-Лавица.

ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о. е активен единствено во Полска.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар, за целите на

оценка на концентрацијата, може да се дефинира *пазарот* како ***продажба на авиогорива.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.02.2022 година
Скопје